Врз основа на чл.19-а и чл.23 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19) и чл.22 ст.1 алинеа 3 од Статутот на претпријатието, Управниот одбор на претпријатието на деведесет и прва седницата одржана на 17.01.2022 година

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР на ЈП “Стрежево”- Битола**

**1.**Се објавува јавен оглас за избор на Директор на ЈП “Стрежево” Битола - 1 извршител

Директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) – најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS)- најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) .

**2.** Кандидатите треба да достават докази за исполнување на условите и тоа:

- Кратка биографија (CV),
- уверение за државјанство,
- диплома или уверение за завршена стручна подготовка,
- потврда дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- потврда за работно искуство
- доказ за поседување еден од горенаведените меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години.

Доказите се доставуваат во оригинал или копија заверена кај нотар.

**3.** Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.
**4.**Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавување во дневниот печат.
**5**. Изборот од пријавените кандидати ќе се изврши најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот на завршување на јавниот оглас.
**6.**Кандидатите, молбата и потребните документи треба да ги достават до “ЈП Стрежево” – Битола, ул. Булевар 1-ви Мај бр.77 – лично или препорачано по пошта.
**7.**Некомплетираните и ненавремено доставените молби немаат да се земаат во предвид при разгледувањето.

ЈП “СТРЕЖЕВО “ – БИТОЛА